МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
MACEDONIAN TENNIS FEDERATION
МАКЕДОНСКИ ТЕНИСКИ ПУЛ

**До: Клубовите членки на МТФ,** **Скопје, 26.09.2018 година**

Предмет: **МАКЕДОНСКА ЛИГА ВО ТЕНИС ЗА ВЕТЕРАНИ**

**Драги пријатели,**

Македонската Тениска Федерација, **Ве поканува** да учествувате во **Македонска лига во тенис,** во конкуренција на ВЕТЕРАНИ, кои ќе се одржат во период 06-08.10.2018**, на терените на ТК ЦРНА РЕКА-Кавадарци.**

Ќе ни биде особено драго ако и вашите членови земат учество во **Македонска лига во тенис** за **ВЕТЕРАНИ.**

Во прилог ви ги доставуваме пропозициите.

Искрено Ваш,

Натпреварувачки комитет на МТФ

НАЈСРДЕЧНО СТЕ ДОБРЕДОЈДЕНИ ВО МАКЕДОНСКА ЛИГА ВО ТЕНИС ЗА ВЕТЕРАНИ.

*Македонска Тениска Федерација, Теодосиј Гологанов бр: 149-2/ лоцал 3, 1000 Скопје, Македонија. Тел:/Факс++389 2 3229687, E-mail: mtf@unet.com.mk*
*Macedonian Tennis Federation, Teodosij Gologanov br 149-2/ lokal 3, 1000 Skopje, Macedonia Phone/Fax++389 2 3229687 E-mail: mtf@unet.com.mk*

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
MACEDONIAN TENNIS FEDERATION
МАКЕДОНСКИ ТЕНИСКИ ПУЛ

# МАКЕДОНСКА ЛИГА
# ВО ТЕНИС ЗА ВЕТЕРАНИ

| | |
|---|---|
| Датум: | 06-08.10.2018 |
| Домаќин: | **Т.К.Црна Река- Кавадарци**,<br>Доколку има пријавено 6 и повеќе Клуба , Лигата ќе се одигра на две Локации |
| Врховен судија и Делегат од МТФ: | Ивица Игнатов |
| Директор на турнирот: | Лазар Мицев |
| Лекарска екипа: | Накнадно објавено |
| Топки: | Babolat Franch Open All Courts |
| Терен: | Црвена земја, ( 2-4 терени ). |
| **Категории:** | **Мажи-Ветерани без старосно ограничување но со наполнети 30 години** |
| Турнирски план: | Според Правилата и Прописите на натпревари за Ветерани |
| **Потврдување на учество и пријава:**<br><br>**Номинација на играчи:** | **Вторник, 02.10.2018 година на E-mail: mtf@unet.com.mk**<br><br>**Среда, 03.10.2018 година на E-mail: mtf@unet.com.mk** |
| Учество | Право на учество имаат сите клубови кои ги имаат подмирено сите обврски кон федерација вклучувајќи ја и котизацијата за учество во висина од 3.000,00 (три илјади) денари од екипа,која треба да се уплати на сметката на Македонската Тениска Федерација **370011100031389 Еуростандард Банка а.д. Скопје**, најдоцна до Среда 03.10.2018 година. Исто така сите пријавени играчи треба да ја имаат уреден Лекарски преглед не постар од 6 месеци и подмирено годишната регистрација кон МТФ во износ од 800,оо денари. |

**Македонска Тениска Федерација**
**Натпреварувачко- Судиски Комитет**

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
MACEDONIAN TENNIS FEDERATION
МАКЕДОНСКИ ТЕНИСКИ ПУЛ

## 11. ТЕНИСКА ЛИГА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЕТЕРАНИ

11.1 Ветеранската лига на Македонија се организира од сите пријавени екипи од клубовите членки на МТФ.
11.2 Домаќинот на натпреварот го одредува МТФ, а термините за натпреварите ќе бидат назначени во календарот на МТФ.
11.3 Секој клуб може да пријави една екипа во Ветеранската лига.
11.4 Право на пријавување на екипи во Ветранската лига имаат сите регистрирани тениски клубови во МТФ, со уредно платена членарина за тековната година.
11.5 Пријавнината за учество во македонска лига ја одредува Управниот одбор на МТФ пред почетокот на натпреварувачката сезона и ќе се плаќа пред секој натпревар.
11.6 Правила на натпревари во Ветеранската лига.
- секоја екипа во лигата ќе игра со сите други екипи од лигата. Како Што следи:
- пријавени 6 екипи- се две групи составени од по 3 екипи
- пријавени 7 екипи- се игра во две групи, каде во првата група каде Што е 1 носител ке бидат извлечени 3 екипи
- пријавени 8 екипи- се игра во две групи од по 4 екипи
- доколку се пријават 9 и повеке екипи ке се игра и Втора ветеранска лига во која ке бидат сместени ново пријавените екипи, а чиј пласман во групите ке се одредува според пласманот на актуелната ветеранска ранг листа на МТФ.
- Домаќин на натпреваритеќе биде екипата која ја освоила Лигата во претходната година, во спротивно домакинот го одредува МТФ.
- Натпреварот мора да го започнат најмалку 4 натпреварувачи. Натпреварите се играат по системот 4 поединечни и 1 натпревари во двојки, во два добиени сета со примена на правилото "tie - break" во првите 2 сета и Супер "tie - break" до 10 поени со најмала разлика од 2 поени, доколку има 3ти сет. При резултат 40:40, во секој гем ќе се применува правилото на "златен поен".

11.7 Право на настап во екипите имаат сите регистрирани играчи во МТФ кои имаат наполнети 30 години.
11.8 Секој домаќин на натпреварот е должен да обезбеди најмалку 3 истородни тениски терени со димензии прифатени според ИТФ правилата.
11.9 Победникот на Ветеранската лига на МТФ го добива преодниот пехар и пехар за пласман.
11.10 Доколку некој клуб нема платено членарина за тековната година, на екипите нема да им биде дозволено учество во лигата.
11.11 Доколку некоја екипа не настапи на два натпревари во лигата го губи правото на учество во лигата.

**Македонска Тениска Федерација**
**Натпреварувачко- Судиски Комитет**